# Медиум

весник за сите средношколци

Четврток, 29.03.2018; година V; бр. 37

www.medium.edu.mk


НАСТАВНИЦИТЕ НЕ ЈА ПРЕПОЗНАВААТ ДИСЛЕКСИЈАТА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ

## Тешко читаат и пишуваат, а ги етикетираат како неписмени




стр.5



„КАДЕ БЕВМЕ“

ПРВ СРЕДНОШКОЛСКИ ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ ВО „КАРЕВ“

стр. 4



„ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА“

ПАНЕ ПАНОВ, ТАЛЕНТ ЗА МАТЕМАТИКА И ЗА ФИЗИКА

стр. 6



СРЕДНОШКОЛСКИ КОНКУРС

„ИЗРАЗИ СЕ ПРЕКУ МЕДИУМИТЕ“

стр. 8

ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ **„МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“**

**ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

ВОВЕДНИК



Фросина Крстевска Милошевска, Професорка по македонски јазик во СОУ „Перо Наков“, Куманово

# Мобилен телефон на час - потреба или пречка во наставата?

Користењето на мобилните телефони за време на наставата во училиштата е проблем кој бара решение како од наставниците така и од родителите и од учениците. Во училиштето во кое работам, директорката пред еден месец со одлука ги забрани на час. На почетокот на часот учениците ги оставаат телефоните на посебна клупа, а на крајот од часот ги земаат. Јас ја поддржувам оваа одлука.

Прво, затоа што наставникот може непречено да си ја врши работата, а второ - учениците ќе бидат повнимателни, ќе дискутираат и ќе бидат поактивни на часот. Живееме во ера на современа технологија, компјутери и паметни телефони. Мобилните телефони стануваат замена за будилник, замена за потсетник, телефонски именик, замена за камера, замена за книга. Притоа, секој наставник применува разни наставни методи и техники за кои смета дека најдобро ќе му помогнат да ја презентира наставната единица.

Но ние се соочуваме со сериозен проблем. Проблем на незаинтересираност кај учениците - сè помалку ученици се заинтересирани за предавањата и за оценките. Разговорот со педагогот или психологот во училиштето за нив се здодевни предавања кои не сакаат да ги слушаат.

Мобилните се секогаш в рака, пред нив, под клупа или до нив. И додека наставникот објаснува, зборува, ученикот си ја игра најновата игра. Друг ученик, пак, добива „итен“ повик од мајката која го потсетува дека парите за појадок му се во левиот џеб од јакната. Другарот до него пишува коментар на штотуку објавената фотографија на Фејсбук направена за време на часот во другата училница.

Или додека наставникот покажува како да се реши задачата, ученикот го снима наставникот, става смешен стикер и ја споделува фотографијата во група. Потоа се пишуваат коментари и наставникот станува предмет на исмевање. Се деградира неговата личност.

Во светот, мобилните телефони се ефикасно средство во наставата кои овозможуваат лесен пристап до потребните информации, апликации и е-учебници, но кај нас се проблем кој не треба да дозволиме да ескалира.

Потребно е секое училиште да подготви правилник со кој ќе се уреди начинот на користење на мобилните телефони во училиштето. На тој начин ќе направиме чекор во решавањето на овој проблем. Во тој контекст, потребни се и предавања преку кои на учениците и на родителите ќе им се објасни употребата на телефони за време на часот.

# Нов пливачки рекорд на Миа Крстевска



Средношколката Миа Крстевска (17) од пливачкиот ватерполо клуб „Орион“ постави нов апсолутен пливачки рекорд на Македонија во дисциплината 1.500 метри слободно пливање. Стариот рекорд беше на Симона Маринова, 17:56:51, додека новиот рекорд на Крстевска е со време од 17:45:25. Крстевска, која со пливање се занимава десетина години, е добитничка на повеќе од 100 медали и дипломи, беше прогласена за најдобра пливачка во женска категорија на државните првенства во Македонија, победничка е на Купот на Македонија во пливање во далечина (пет километри) на три езера, како и апсолутна победничка на неколку домашни и меѓународни натпревари.

## Проект за настава надвор од училница

Од 19 до 23 март 2018 година, кумановското средно училиште „Перо Наков“ беше домаќин на четвртата активност од Еразмус + проектот „Учење преку воннаставни активности“ (Outdoor learning experience). На гости дојдоа нивните партнери од училишта од Литванија, Романија и Полска. На петдневната обука, учениците и наставниците присуствуваа на часови надвор од училница, во различни воспитно-образовни и културолошки институции, а имаа и часови во природа.

Маја Илиевска, СОУ „Перо Наков“, Куманово

## Кичевски средношколци учеа за различноста

Во организација на Министерството за внатрешни работи и ОБСЕ, во кичевските средни училишта „Мирко Милески“ и „Дрита“ се реализираше проектот „Почитувај ја различноста“.

Целта на проектот е да се поттикне учество и соработка на вработените во училиштата, родителите, учениците, полицијата и локалната самоуправа во создавањето услови за безбедна средина. З.А.

## Против насилството со театарски израз

Битолските гимназијалци со драмска изведба упатија порака против секаков вид насилство. Настанот се одржа во гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Битола, како дел од проектот „Превенција против насилство“. Драматизацијата, во која учествуваа тринаесет ученици, беше поделена на четири чина, во кои се прикажуваа различни видови насилство и дискриминација: мајка што е постојано тепана од сопругот алкохоличар и дете што постојано живее во страв, сиромашен човек што бара работа од богати и арогантни бизнисмени, кои цело време го навредуваат, како и исмејувањето и отфрлањето на муслиманката и Ромчето поради нивната „различност“.

Костанца Споа,
СОУ Гимназија „Јосип Броз-Тито“, Битола




МЕДИУМ
**Уредници на „Медиум“:** Александра Теменугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004
**Техничко уредување:** Марин Матев **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европската Унија

РАЗГОВАРАВМЕ СО СПОРТИСТОТ ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ, УЧЕНИК ВО КУМАНОВСКОТО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ „ПЕРО НАКОВ“

# Куманово ја има најубавата сала, но младите не се гледаат во неа



Владимир Величковски е средношколец и млад фудбалер во Третата македонска лига, дел од фудбалскиот клуб „Студена вода“. Неговите родители сакале да го запишат на пливање на шестгодишна возраст, но тоа него не го исполнувало. Тогаш откриле дека всушност фудбалот е негова страст. Тој уживал да го гледа својот постар брат како тренира фудбал.

**МЕДИУМ:** На колку години започна да спортуваш?

**ВЕЛИЧКОВСКИ:** Почнав да се занимавам со спорт уште од мали нозе. Бев пресреќен кога татко ми ќе нè одведеше мене и мојот постар брат на некој натпревар во спортската сала во Куманово или во „Соколана“, каде што се играше фудбал или кошарка. На седумгодишна возраст родителите ме запишаа да тренирам фудбал. Тоа за мене беше остварување на најголемиот детски сон. А кога за роденден ги добив и првите фудбалски патики, на среќата ѝ немаше крај. Имав сила и волја да трчам и да правам сè како што ќе ми кажеше тренерот. И не само во тимот во кој тренирав, јас фудбал играв секаде, и во паркот, и на улица, и во соба.

**МЕДИУМ:** Се сеќаваш ли на твојот прв натпревар?

**ВЕЛИЧКОВСКИ:** Имав осум години. Тренерот не ме планираше да играм на тој натпревар, но еден играч имаше здравствени проблеми и не можеше да настапи. Бев изненаден од одлуката на тренерот, но бев и среќен што ќе играм. Тоа беше мој прв натпревар.

**МЕДИУМ:** За кои фудбалски тимови си играл досега?

**ВЕЛИЧКОВСКИ:** Започнав во ФК „Пантер Куманово“. Таму играв речиси пет години. Потоа играв во младинските генерации на „Силекс“ и на „Металург“. Денеска играм во Куманово, во ФК „Студена вода“, во Третата македонска лига.

**МЕДИУМ:** Кој натпревар ќе ти остане во сеќавање и дали има фудбалер на кој му се восхитуваш?

**ВЕЛИЧКОВСКИ:** Најдраг натпревар ми е оној на меѓународниот турнир во Србија каде што игравме против клубот „Партизан“ и каде што постигнав гол, што за мене беше огромен успех.

А најмногу му се восхитувам на Лионел Меси, затоа што тој е најдобриот фудбалер во светот. Му се восхитувам на начинот на кој игра, тој е мојот фудбалски идол.

**МЕДИУМ:** Кои се твоите планови за во иднина, дали во меѓувреме се занимаваш и со некој друг спорт?

**ВЕЛИЧКОВСКИ:** Планирам да се занимавам со фудбал поинтензивно и попрофесионално откако ќе го завршам училиштето и ќе ја положам матурата. Имам желба да напредувам, да играм и да не се откажувам. Сакам да бидам дел од некој познат и поголем фудбалски клуб.

Го сакам и пливањето. Порано немав можност во текот на целата година да одам на пливање, затоа што во Куманово немаше затворен базен. Но во последните години, откако во Куманово се отвори покриениот олимписки базен, пливањето е вистинско задоволство.

**МЕДИУМ:** Сметаш ли дека спортот е важен за младите, дали твоите врсници спортуваат и што би им порачал?

**ВЕЛИЧКОВСКИ:** Физичката активност е многу важна за младите. Ние сме генерација која е постојано пред компјутер и пред телевизор. Вежбањето, трчањето, пливањето, возењето велосипед се најефикасни начини за зачувување и подобрување на здравјето. Мислам дека младите не спортуваат доволно. Иако во Куманово има доволно места коишто нудат најразлични спортови, сметам дека спортот не е во секојдневниот распоред на младите. На училиште имаме часови по спорт и спортски активности, ја имаме и најубавата сала во Куманово, но е потребно и нешто што ќе нè поттикне. Би можеле да се организираат почесто натпревари во кои ќе бидат вклучени сите ученици. Исто така, во училиштата се потребни предавања од стручни лица за да се објасни важноста на физичката активност.

Сара Спасовска

ДВЕ ДЕЦЕНИИ БИЛИНГВАЛНИ ПАРАЛЕЛКИ ВО НЕГОТИНО

## Математика и физика може да се учат и на француски

Неготино е мало гратче во срцето на Македонија, од двете страни на реката Вардар, познато по грозјето, виното, но и билингвалните паралелки.

Иако градот е мал, луѓето кои живеат во него го сакаат својот град. Исто е и со гостите кои доаѓаат да го посетат и да ја видат убавината на ова мало гратче.

Неготино има голем број културни и спортско-рекреативни центри, кафулиња, ресторани... Граѓаните на Неготино и неговите посетители можат да уживаат во сè што нуди градот. Градскиот плоштад постојано е раздвижен, има луѓе од сите возрасти.

Во нашиот град има и образовни центри - две основни и едно средно училиште.

Средното општинско училиште „Свети Кирил и Методиј“ е објект кој располага со лаборатории, работилници, кантина, сала за спорт, кариеристичко катче каде што професорите ни даваат совети за понатамошен развој.

Во гимназијата учениците имаат можност да одберат повеќе насоки. Дел од нив се: гимназиско образование, електротехничка струка, хемиско-технолошка струка и билингвална паралелка. Гимназијата „Свети Кирил и Методиј“ е позната по билингвалните француски паралелки кои постојат веќе 20 години. Учениците во овие паралелки имаат можност да се образуваат на француски јазик по предметите математика, физика и информатика. Тие се стекнуваат со Б2-ниво за француски јазик, кое е светски признаено и можат да го продолжат своето образование во Франција.

Веќе неколку години нашата гимназија соработува со гимназијата „Малерб“ од градот Каен во Франција, при што секоја година ученици од билингвалните паралелки ја посетуваат гимназијата од Каен и така го подобруваат својот француски јазик.

Раководството на нашата гимназија се стреми да ја развие свеста за правата и одговорностите на сите субјекти, да се негуваат меѓусебното разбирање и почитување, да се работи на високоетичките стандарди и постигнување на квалитетни академски знаења.

**Елена Тимова, Тамара Николова, Деа Балкански, Миља Стојановиќ СОУ „Свети Кирил и Методиј“, Неготин**



ПРВ СРЕДНОШКОЛСКИ ФЕСТИВАЛ НА МЛАДИ УМЕТНИЦИ ВО „НИКОЛА КАРЕВ“

# За трите дена култура, сите се заљубија меѓу себе



Гимназијата „Никола Карев“ во изминатиот месец беше домаќин на првиот средношколски фестивал „Три дена култура“. Настанот на кој младите добија слобода да се изразат, изобилуваше со филмски проекции, театарски претстави, изложба на фотографии и ликовни дела како и многу музика6. Фестивалот започна со проекции на седум кратки филма од средношколци кои се бореа за првата награда: „Лица“ на Ханис Багашов, „Земја од иднината“ на Берат Ахметај, „Секунда... до вечноста“ на Ана Андонова, „Фауст“ на Бојан Таневски, „Ковач“ на Горан Попоски, „Филм со главен лик“ на Филип Лафазановски и „Добра ноќ“ во режија на Сергеј Сарчевски. Во специјалната селекција на првата вечер имаше три кратки филма, гости на фестивалот: „Заматена тишина“ на Мирослав Илиќ, „Најтешкиот чекор“ на Тамара Котевска, како и „Отров“ на Дејан Џолев, филм изработен од школата за уметност „Џолев и уметностите“.

По проекциите, публиката имаше можност да разговара за уметноста, филмовите, режисерите. Дејан Џолев посочи дека постојат два вида медиуми - филмска индустрија, а другиот е филмска уметност.

- Филмската индустрија има за цел да создава пари, што не е воопшто лошо, додека, пак, филмската уметност има за цел да создаде идеи, што исто така не е лошо и јас лично многу повеќе го ценам - одговори Џолев на едно од поставените прашања.



По дискусијата следуваше прогласување на најдобриот краток филм на вечерта, а наградата ја доби Сергеј Сарчевски, со краткиот филм „Добра ноќ“.

Вториот ден од фестивалот беше наменет за осум театарски перформанси. Целта според организаторите била постигната, а тоа е да се покажат нови сфаќања и размислувања во уметноста, постмодернизмот да се искористи до максимум, да се експериментира со актерите, прикажната па дури и со дејството.

- Овој фестивал создаде и нов термин „изложена претстава“. Станува збор за перформансот „Чекајќи го Годо“, кој траеше цела вечер, за време на сите претстави. Публиката имаше можност да го види при влегувањето во салата и при излегувањето. На крајот на вечерта, двајцата актери вклучени во претставата, логично, сѐ уште го чекаа - објаснија организаторите на „Три дена култура“.

Перформансите започнаа со кратката изведба на две ученички од прва година, кои рецитираа за љубовта и љубомората. По нив следуваше кус разговор со Милош Андоновски, театарски режисер и првиот професор во средно училиште по театарска режија во Македонија, инаку и основач на отворената театарска школа „Театар за сите“. Следуваше алтернативната претстава „Чехов монолози“ од драмското школо „СЦЕНА - Дебар Маало“, а по нив театарска импровизација. Корчагинци со претставата „Живот во розово“ ни понудија комична, апсурдна, со мала нишка на постмодернизам. По нив публиката имаше можност да ја следи претставата „Мудрост во четврт месо“ по сценарио на Елена Костовска и Филип Попов, а во режија на Филип Лафазановски, и театарскиот перформанс на студиото за танци „Вајб“.

Настанот се затвори со музика и со дигитална изложба. Настапија шест бенда, двајца самостојни артисти и еден диџеј. За време на свирката беше поставена и првата дигитална изложба воопшто во кое било средно училиште, на која учествуваа 50 млади луѓе како и гости од средното училиште за ликовна уметност „Лазар Личеноски“. Станува збор за дигитално проектирани ликовни дела или фотографии на уметници кога изложбата е директно поврзана со некој друг настан (во случајов свирка).

- Барем за овие три дена, сите се заљубија меѓу себе - констатираа организаторите на фестивалот, кои како добри домаќини дадоа и поттик на преостанатите училишта да се вклучат од наредните години, затоа што фестивалот не беше само на „Карев“, туку на сите млади уметници.

**Автори: Никола Анчевски и Филип Лафазановски, гимназија „Никола Карев“, Скопје**

„ТЕМА ЗА ДИЛЕМА“

НАСТАВНИЦИТЕ НЕ ЈА ПРЕПОЗНАВААТ ДИСЛЕКСИЈАТА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ

# Тешко читаат и пишуваат, а ги етикетираат како неписмени




Дислексијата не е болест, таа е состојба од невролошко потекло при која мозокот различно го процесира пишаниот или говорниот јазик, а за која сè уште не е докажано што точно ја предизвикува. Голем број ученици во Македонија се соочуваат со неа, но не знаат дека ја имаат, а професорите и наставниците не се доволно обучени да ја препознаат и да им помогнат, сметаат од здружението за дислексија „Ајнштајн“. Но и покрај системските пречки, има случаи на дислексичари кои функционираат нормално во текот на своето образование, иако на истите им е потребна стручна помош.

Дислексијата може најдобро да се опише како комбинација од способности и тешкотии кои се однесуваат на процесот на учење во неколку области како на пример - читање, пишување, спелување, разбирање на прочитаното, а понекогаш и математика.

## Познати дислексичари

-Ајнштајн, Бил Гејтс, Том Круз Исак Њутн, Томас Едисон, Алберт Ајнштајн, Агата Кристи, Леонардо да Винчи, Пабло Пикасо, Џон Ленон, Селма Хаек, Том Круз, Џејми Оливер, Бил Гејтс, Стив Џобс, се едни од попознатите личности кои со својот талент, имагинација и креативност успеале да се впишат во листата на едни од најуспешните личности во историјата на човештвото, иако живееле или живеат со состојбата на дислексија.

**РЕЧИСИ 15 ОТСТО ОД УЧЕНИЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА СЕ ДИСЛЕКСИЧНИ**

На испитани 2.328 ученици, умерена или лесна дислексија кај себе препознале вкупно 248 ученици, односно 12,2 отсто, додека силно изразена била кај 49 ученици, односно 2,1 отсто, покажа истражувањето на здружението за дислексија „Ајнштајн“, финансирано преку УСАИД, како дел од проектот „Инфо сид за дислексија“. Истражувањето беше спроведено во 16 средни училишта во Македонија.

- Првата поставена хипотеза на истражувањето беше дека застапеноста на оваа состојба ќе биде од 10 до 15 отсто од испитаниците според светските статистики. Процентот за застапеноста на дислексијата дефинитивно е алармантен и доволна причина и доказ дека институциите во нашата држава мора да преземат чекори за воведување на соодветни образовни политики за оваа категорија на ученици - вели Дамјан Николовски, претседател на здружението. Со оглед на резултатите од истражувањето, најголем дел од дислексичарите во нашата држава не се свесни дека имаат дислексија, а сепак успеале во животот. Сето ова зависи од тоа дали се работи за силно изразена форма на дислексија или, пак, за поблага форма. Според Николовски, голем дел од лицата со дислексија потсвесно знаат дека се соочуваат со некаква тешкотија или чувствуваат дека размислуваат на поинаков начин од другите луѓе, но не се свесни за што точно се работи, па така градат одбранбени стратегии со кои ги затскриваат или потиснуваат тешкотиите.

Преку разни активности, како здружение, обучиле околу илјада наставници за препознавање на оваа состојба.

- Досега преку нашите активности за дислексијата се информирани голем број наставници, особено одделенски наставници. Сепак бројката не е доволна, интересот за дислексијата кај предметните наставници и професорите во средните училишта е многу мал. Од таа причина ќе продолжиме со едукативни семинари за да обучиме поголем број наставен кадар за правилен пристап и поддршка кон учениците со дислексија. Дислексичарите може да функционираат нормално во текот на своето образование, но на истите им е потребна и стручна помош. Во нашата држава има 4 тренери за дислексија кои работат по различни методи и техники, но тука се и дефектолозите и логопедите кои исто така може да понудат помош за учениците со дислексија - појасни тој.

Специјалистите-едукатори и лицата задолжени за рехабилитација, м-р Анита Стојчевска и Ленче Јовановска од средното училиште „Перо Наков“ од Куманово велат дека е непозната бројката на дислексични ученици во општината.

- Во нашето училиште можеме да ви потврдиме дека имаме приближно 10 отсто ученици со оваа состојба од целокупната бројка на запишани ученици, како и други специфични тешкотии во учењето (дисграфија, дискалкулија). Наставниците и родителите, во општа смисла, не се доволно запознаени со оваа проблематика и токму поради тоа не можат да ги детектираат тешкотиите на таа возраст. Голем дел од наставниците сметаат дека овој тип ученици се мрзеливи или имаат слаба концентрација, недостиг од внимание и затоа не покажуваат добри академски постигнувања, што донекаде може и да се смета за точно. Но не можеме да нагласиме дека сите тешкотии во учењето и во читањето се предизвикани токму од дислексијата. Важно е процената да ја направи стручниот соработник-дефектолог во соработка со инклузивниот тим, откако ќе добие основни информации од наставниците и од родителите за слабиот успех кај ученикот - сметаат Стојчевска и Јовановска.

**ИМА ЛИ ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОДДРШКА?**

Според здружението „Ајнштајн“, на ниво на системски решенија ни претстои долг пат за да кажеме дека сме општество толерантно на дислексијата. Во тек е дијалог со Министерството за образование и наука за создавање на инклузивно општество прво со утврдување на дислексијата.

- МОН треба да усвои дефиниција што точно претставува дислексијата, за таа да се оддели како посебна состојба за потоа да може да се пристапи кон подготовка на воведување подзаконски акти и уредби на законот каде што би се вовела дислексијата како предмет на посебен третман. Мал дел наставниците и педагози се подготвени за препознавање на дислексијата, а уште помал дел се информирани за тоа како да им помогнат на учениците - вели Дамјан.

## Најчести симптоми на дисклексијата

Дислексијата може да се препознае преку следниве најчести знаци: тешкотии при читање и при пишување, неуреден ракопис, тешкотии во разбирањето на текстот, во изразувањето на мислите во пишана форма, забуни во ориентацијата лево-десно, горе-долу, непрецизно и погрешно повторување на слушнатото, тешкотии при гледањето на часовник.

ПАНЕ ПАНОВ, ТАЛЕНТ ЗА МАТЕМАТИКА И ЗА ФИЗИКА

# Еден ден би сакал да работам за компанијата на Елон Маск



Пане Панов е 17-годишен средношколец од СОУ,,Свети Кирил и Методиј“ од Неготино, кој поседува огромен талент за природно-математичките науки. Својот талент веќе го докажал преку многу награди. Сега е трета година, билингвална паралелка, природно-математичка насока. Открива дека има сестра близначка, а освен што од мали нозе негува љубов кон физиката и математиката, го сака и францускиот јазик.

**МЕДИУМ:** Кои се твоите достигнувања на натпреварите по математика и физика, од кога бележиш успеси?

**ПАНОВ:** Натпреварите се мое секојдневие од десеттата година, а резултатите постојано ги воодушевуваа моите најблиски. Ги има повеќе. Во основното училиште учествував на повеќе училишни и регионални натпревари. Првата награда која навистина ми значеше беше бронзениот медал на „Македонска математичка олимпијада“. Потоа освоив втора награда на државните натпревари по математика и физика, како и неколку пофалници.

**МЕДИУМ:** Твоите успеси продолжија и во средното училиште. Кажи ни нешто повеќе за периодот од прва до трета година?

**ПАНОВ:** Во прва година освоив трето место, а потоа првото место на државниот натпревар по физика. Во втора и во трета година учествував на настанот познат како „Месец на науката“ каде што има борба на знаењата од областа на физиката, математиката, биологијата, географијата и хемијата. Таму стасав до првото место, а оваа година ја освоив третата награда. Во математиката добив пофалница на државниот натпревар.

**МЕДИУМ:** Сигурно е тешко да се запомнат толку многу награди. Кој беше твојот ментор сите овие години и кои се твоите планови за иднината?

**ПАНОВ:** За успесите благодарен сум ѝ на мојата, сега веќе покојна професорка Марика Ѓорѓиева. Во однос на иднината, сонувам еден ден да бидам дел од компанијата „Спејс икс“ (Space X) - компанија која е во сопственост на мојот омилен научник Елон Маск, посветена на истражување на вселената.

**МЕДИУМ:** Кои се твоите слободни активности? Кој е твојот омилен филм што би ни го препорачал?

**ПАНОВ:** Читам стрипови и уживам со гитарата. Сам научив да свирам. Често играм и кошарка со моите пријатели, а поддршка и пријател секако ми е и мојата сестра. Без сомневање би го препорачал филмот „Темниот витез“, но и серијата „Преостанатите“.

**МЕДИУМ:** Соучениците те опишуваат како верен и искрен пријател кој знае да сослуша и да помогне. Но дали постојат негативни карактеристики кои ги пронаоѓаш сам кај себе?

**ПАНОВ:** Ха, ха, ха, секако. Обожавам да зборувам иронично, а тоа понекогаш им пречи на другите, не ја сфаќаат мојата вистинска мисла. Овде би ги ставил и ретките прошетки, сакам да пешачам, но постојано имам некои свои изговори.

**Тијана Атанасовска,**
**СОУ „Свети Кирил и Методиј“,**
**Неготино**



# Плачи и (в)диши длабоко

Ѕидовите некогаш се доближуваат сосема доволно за да можеш да ги топлиш со здивот. Како извлечен со вакуум, просторот станува неверојатно мал. Во неговиот центар расштимано чука едно срце. Погледот бега, бара некои други глетки, окото се изострува, но го губи фокусот и станува нескротлива птица. Сè се чини недоволно, неудобно и нејасно. Дланките се потат, цврста грутка немир стои во грлото. Не минува, ниту можеш да ја плукнеш, ниту да ја голтнеш. Само стои, простум. Те задушува. Времето те заобиколува. Околу твоето тело создаваш оклоп, меурче. Живееш внатре во него. Мирно, безволно лежиш на креветот и ја пушташ тагата од срцето со долго зјапање во таванот и некои меланхолични звуци на болката во заднина.

Некогаш ти се плаче без причина. Те разлутуваат минорни точки од секојдневието. Ти се самува. Ти се молчи. Спиеш премногу или воопшто. Едвај стануваш од кревет наутро. Следно нешто кое го сфаќаш е дека одекнува ѕвончето низ ходниците. Потоа, човечка форма на Авторитет, седната на катедрата, ти го чита името, ти поставува прашање. „Не знам“ велиш. Како да објасниш зошто не знаеш? Си го имал сето време на светот да научиш. Зошто не знаеш?

Просто како грав. Си го имал сето време на светот. Притискало врз твоите раменици, те деконцентрирало, те принудувало на плач и темнина. Од твојата внатрешност се издигнало себично чудовиште кое те влечкало со него низ мрачни агли. „Подобро остани во кревет“ повторувало.

Некои престануваат да јадат, од страв дека така го хранат и него. Некои престануваат да спијат, од страв дека така се одмора и тоа. Некои оставаат лузни по својата надворешност, од страв дека тоа засекогаш ќе остане внатре. Но во основа, сите молчат. Никој не спомнува дека во себе носи чудовиште. За тоа не се зборува. Полесно е да кажеш дека остануваш во кревет затоа што те боли грлото или имаш температура. Менталното здравје е енигма која се исправува пред нас, а ние одбиваме да ја погледнеме. Ја оставаме во најзакулисните катчиња на нашето живеење и молчиме пред неа. Менталното здравје е она кое го поттикнува физичкото. Зошто не го почитуваме? В ред е да плачеш. Ти си повеќе од чудовиштето во тебе. Ти не си слабак. Има уште многу радости за гледање. Само (в)диши длабоко.

Ангеловска Викторија,
СУГС „Орце Николов“



# Времето нема да ги реши проблемите со дислексија и аутизам



Сите сме различни. Различни во секоја смисла. Нè учат на први зборови, на првиот чекор, нè учат што е правилно, а што не. Нè учат на почит, толеранција, љубов и разбирање, но заборавaат да нè научат на најважното. Заборавaат да нè научат на различноста. А различноста треба да се почитува, негува и да се има во целосно разбирање. Некаде длабоко во нас го заклучуваме разбирањето, ја отфрламе добродушноста, и таа капка љубов ја претвораме во себичност. Тука настанува хаос.

Тука се раѓа самиот проблем, и истиот расте, се развива и прави невидени катастрофи меѓу младите луѓе низ светот.

Дислексија, на пример, претставува различност што го отежнува самиот процес на стекнување и користење на вештините за читање, учење и пишување. Ова навистина претставува отежнување врз социјалниот живот. Децата на училиште многу тешко ја прифаќаат различноста. Можеби и се плашат. Се плашат од нови нешта досега ненаучени, невидени. Се плашат од нешто поинакво. Стравот царува низ ходниците на училиштата.

Децата со аутизам ги дискриминираат, малтретираат, понижуваат, а тоа кревко невино срце ги прифаќа сите околу себе. Жедно за внимание, за другарчиња, за љубов... Секогаш со отворени раце, со искрена насмевка и со весели очи полни со сјај чекаат прифаќање. Чекаат само рака, и рамо на кое ќе се потпрат. Децата со аутизам живеат во свој свет, и најчесто имаат проблем да ја прифатат реалноста. Им треба помош. Проблемот е во системот, во образованието, во родителите, и на крајот - во самите нас. Сметам дека уште од првата година, од првиот чекор во училишниот двор, децата треба да бидат воспитувани како да ги прифаќаат различностите. Да учат како да имаат разбирање, како да се однесуваат, како да зборуваат и да се изразуваат без да повредат нечии чувства и без да бидат погрешно разбрани.

Непобитен е фактот дека треба нешто да се смени, дека треба нешто да се преземе, да се реагира, да не се оставаат проблемите под тепих. Времето нема да ги реши.

Јована Јордановска,
СОУ „Перо Наков“, Куманово

# Никој не смее да биде исмејуван и угнетуван

Живееме во општество и култура каде што секој носи по илјадници маски на лицето, секој поединец го има изгубено своето вистинско битие како последица од тоа да биде совршен. Средината што нè опкружува од секој од нас создава понекој монструм кој уништува нечии соништа. Децата во училиште не одат со насмевка, средношколците не излегуваат од дома со сјај во очите, бидејќи се плашат што ќе им кажат денес. Дали ќе ги наречат неписмени поради лоши оценки или, пак, другарчињата ќе ги исмеваат и одбегнуваат зашто се различни? Или поради поголема телесна тежина, можеби и помала? Секојдневно секој од нив ќе се збогатува со уште по едно име од оние „најпаметните“ во околината?

Совршенство постои, а тоа си токму ти. Во никој случај не смееме да дозволиме да бидеме угнетени, да го загубиме она што нè прави посебни, бидејќи ако нешто што човек поседува и е вредно, во вистинска смисла на зборот, тоа е неговото вистинско битие. Тоа битие ги вклучува сите предности, недостатоци, маани, доблести.

Ниту еден родител, исто така и ниту едно дете не сака да биде исмеано, да биде дискриминирано. Мислите дека тие секојдневни навреди не оставаат вечен белег врз детето? Токму во годините кога тоа се гради како личност, врсниците кои себеси се сметаат за „подобри“ му го уништуваат секој сон, секоја желба, можеби и сите желби за да биде успешен. Знаете, оние што учат се бубалици... Доколку јас со моите 15 години можам ова да го согледам и сакам да го променам, зошто и вие не би сакале?

Ајде да започнеме уште сега!

Ивона Марковска,
СОУ Гимназија „Јосип Броз-Тито“, Битола



ВЕСТИ ЗА МАКЕДОНСКАТА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

# Медиумска лабораторија со кумановските средношколци



„Како да знаеме кога новинарите се обидуваат да манипулираат?“, „Колку е просечната плата на новинарите во Македонија?“, „Што може да сториме ако некој недозволено објави фотографија или видео без наша дозвола?“ Сите овие прашања ги дискутиравме со педесетина ученици од втора, трета и четврта година во СОУ „Перо Наков“ од Куманово, на медиумската лабораторија што по 11-ти пат ја организираат Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и „Нова Македонија“.

## СОВЕТУВАМЕ:

# Пет вида лажни вести

Лажни вести е широк термин кој опфаќа шпекулации, дезинформации, пропаганда, спинување, политички маркетинг, сатирични вести и друго. Тие имаат за цел да предизвикаат силна емоција кај публиката како изненадување, шок и бес. Иако сѐ уште е во тек дебатата за дефинирањето и значењето на лажните вести, треба да се разликуваат повеќето видови:

1. **Дезинформација:** Погрешно користење на информации за да се врамуваат настани или поединци. Целта е да се направи штета или да се оствари профит.

2. **Сатира:** Публицистички жанр во кој се исмејуваат одредени појави и личности, без намера да се предизвика штета иако често знаат да ја залажат публиката.

3. **Имитирање вистински извори:** Во овие вести вистински извори се имитираат со цел информацијата да изгледа вистинита.

4. **Лажна поврзаност** помеѓу содржината и насловот: Насловите и визуелните елементи, како фотографиите, кај овие вести не соодветствуваат со нивната содржина.

5. **Манипулација:** Кај овие вести се манипулира со вистински информации и фотографии со цел да се измами публиката.

## СТРИП




Во соработка со Стрип Центар - Велес

www.comicscenter.mk

Висока школа за новинарство и за односи со јавноста · Media Diversity Institute · НОВА МАКЕДОНИЈА

**Конкурс за најдобар средношколски медиумски производ „ИЗРАЗИ СЕ ПРЕКУ МЕДИУМИТЕ“**

Високата школа за новинарство и за односи со јавноста ги повикува средношколците во Македонија да се пријават на конкурсот за најдобар медиумски производ „Изрази се преку медиумите“ на тема „Би сакал/а во мојата општина да...“.

Учениците и училиштата можат да аплицираат со **фотоприказна**, **постер** или **едноминутно видео**.

Медиумските производи треба на оригинален начин да ги пренесат идеите, интересите и барањата на учениците за урбанистичка, културна или каква било промена што според нив е неопходна во општината во која живеат. Во своите трудови учениците треба да аргументираат зошто е потребна интервенција на локалните власти (реновирање или изградба на инфраструктура за млади, недостиг од спортски и културни центри и сл.).

Целта на овој конкурс е да се поттикне медиумската писменост кај младите, кои на креативен начин ќе покажат дека умеат да ги користат медиумите за да предизвикаат промена во средината во којашто живеат.

**Изработка**

Фотоприказната треба да содржи од 6 до 8 фотографии со легенда (краток текст што ќе го објасни значењето). Текстот под фотографиите може да биде на кој било од јазиците и писмата што се употребуваат во Македонија.

Постерот треба да изразува јасна и оригинална порака на авторот, изразена преку креативен дизајн.

Видеото треба да се објасни со текст од еден параграф. Видеото не треба да биде подолго од една минута. Доколку се користи музика во видеото, треба да се почитуваат авторските права. Дијалозите или која било друга форма на комуникација може да бидат на јазиците што се употребуваат во Македонија.

**Право на учество**

На конкурсот може да се пријават ученици од прва до четврта година од сите средни училишта во Македонија и самите училишта. Дозволено е групно учество на соученици, но ако производот биде награден, наградата ќе се додели на авторот или на носителот на пријавата. Доколку како учесник се јавува училиште, наградата ќе се додели на училиштето.

Учесниците може да поднесат повеќе производи во различни формати.

**Награди**

- Прва награда – таблет
- Втора награда – мобилен телефон
- Трета награда – камера ГоПро

За авторите на 10-те најдобри производи, Високата школа обезбедува учество на еднонеделниот летен камп за медиумска писменост во јуни.

**Пријавување**

Кандидатите треба да пополнат Формулар за пријавување и заедно со изработениот продукт да го испратат на е-адресата **medium@medium.edu.mk** најдоцна до **29 април 2018 година**.

**Контакт: Александра Теменугова, temenugova@vs.edu.mk 02 30 90 004**

Конкурсот „Изрази се преку медиумите“ го спроведува Високата школа за новинарство и односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон и „Нова Македонија“ во рамки на проектот „Коалиција за медиумска писменост“ што го финансира Европската Унија.

ЕУ за ТЕБЕ!